РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-9013/2

10 -02- 2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на 03.02.2022 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Пријавата со број 12-9013/1 од 28.10.2022 година, **СЕ ОТФРЛА.**

За предметниот случај ДКСК има донесено одлука бр. 12-149/10 од 16.09.2020 година.

Предметот со број 12-9013 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-9013/1 од 28.10.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на ///, во врска со продажба на објект во ///, во сопственост на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека за предметниот случај веќе има донесено одлука бр. 12-146/10 од 16.09.2020 година.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р В. Г.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk